# ИЗВЕШТАЈ

# ОД РАБОТНАТА ГРУПА

**ЗА РАСПРАВА**

**НА ПРЕДЛОЗИТЕ ОД ГРАЃАНИТЕ НА  ФОРУМОТ ДАДЕНИ НА II и III форумска сесија**

**Крива Паланка**
**29 ноември  2023 година**

**Почитувани ,**

Работната група за  расправа  на предлозите - проектите од буџетскиот форумски процес на Општина Крива Паланка   на работилницата   одржана на 29.11.2023 година, во 14 часот  имаше за  задача да ги разгледа предлозите по буџетските програми на општината како и предлозите од граѓаните на форумот дадени на втората и  третата форумска сесија, заедно со општинската администрација во рамки на 13 општински буџетски програми.

Тема на расправа на работната група беа   предлозите  за расходите на буџетот на општината  за 2024г. во рамки на 13  буџетски програми  дадени од граѓаните на 2-та  и 3-тата  форумска сесија и тоа:

- 6  предлози дадени од граѓаните на 2-та форумска сесија за расходите  на програмата    за уредување на сообраќајна сигнализација во Општина Крива Паланка  за 2024 година;
- 12 предлози дадени од граѓаните на 2-та форумска сесија за расходите  на пограмата  за животна средина во Општина Крива Паланка  за 2024 година;
- 11 предлози дадени од граѓаните на 2-та форумска сесија за расходите  на програмата   за изработка на урбанистички планови во Општина Крива Паланка за 2024 година;
- 15 предлози дадени од граѓаните на 2-та форумска сесија за расходите  на програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на спортот  за 2024 година;
- 10 предлози дадени од граѓаните на 2-та форумска сесија за расходите  на програмата   за  за образование во општина Крива Паланка  за 2024 година;
- 6 предлози дадени од граѓаните на 2-та форумска сесија за расходите  на програмата  за Програмата за млади на Општина Крива Паланка за 2024 година
- 5 предлози дадени од граѓаните на 2-та форумска сесија за расходите  на програмата   за  социјална, детска и здравствена заштита во општина Крива Паланка  за 2024 година;
- 9 предлози дадени од граѓаните на 3-та форумска сесија за расходите по годишната општинска буџетска програма, за локален економски развој во општина Крива Паланка за 2024 година;
- 13 предлози дадени од граѓаните на 3-та форумска сесија за расходите по годишната општинска буџетска програма за култура во општина Крива Паланка за 2024 година;
- 3 предлози дадени од граѓаните на 3-та форумска сесија за расходите по годишната општинска буџетска програма за уредување на градежно земјиште во општина Крива Паланка за 2024 година;
- 8 предлози дадени од граѓаните на 3-та форумска сесија за расходите по годишната општинска буџетска програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Крива Паланка за 2024 година;
- 11 предлози дадени од граѓаните на 3-та форумска сесија за расходите по годишната општинска буџетска рпрограмата за изградба, реконструкција и одржување на локална, водоводна и канализациона мрежа во Општина Крива Паланка за 2024 година;

- 5 предлози дадени од граѓаните на 3-та форумска сесија за расходите по годишната општинска буџетска програма за изградба, реконструкција и одржување на мрежата за јавно осветлување во Општина Крива Паланка за 2024 година;

Тема на дискусија беа вкупно 114 предлози од кои 23 се повторуваат (се однесуваат на иста работа), 5 од предлозите не се во надлежност на општината.
Од вкупно 86 предлози, општината прифати 40 предлози - проекти да влезат во буџетот за следната година со голема буџетска алокација на средства во истите.
Кои денес на оваа форумска сесија ќе бидат предмет на приоретизација од форумот.

| **Бр.** | **Име на програма/проект** | **Буџет** |
|---|---|---|
| **Програма за уредување на сообраќајна сигнализација во Општина Крива Паланка за 2024 година** | | |
| 1 | Подобра регулација на сообраќајот кај клучката “Балкан” (да не се паркираат автомобили на почетокот на улица 8ми Октомври). | Буџетска ставка<br>Ј6426990<br>(1200 000,00 ден) |
| 2 | Маалските улици да бидат обележани со испрекината линија со место за паркирање само од едната страна. | Буџетска ставка<br>Ј6426990<br>(1200 000,00 ден) |
| 3 | Поголема сообраќајна сигнализација кај “Карчо” | Буџетска ставка<br>Ј6426990<br>(1200 000,00 ден) |
| 4 | Поголема безбедност за пешаците со поставување на сообраќајна сигнализација. | Буџетска ставка<br>Ј6426990<br>(1200 000,00 ден) |
| **Програмата за животна средина во Општина Крива Паланка за 2024 година** | | |
| 5 | Едукација за селекција на отпад. | Донаторски средства |
| 6 | Санкции | Без буџетски импликации |
| 7 | Комуналните инспектори почесто и ригорозно да ја вршат својата работа. | Без буџетски импликации |
| 8 | Да се работи на преземање електричен отпад и негово | Донаторски средства |

| | | |
|---|---|---|
| | рециклирање од страна на компании овластени за таа дејност. | |
| 8 | Да се дислоцира депонијата | Буџет /донатор- СИПР |
| 9 | Да се работи на преземање електричен отпад и негово рециклирање од страна на компании овластени за таа дејност. | Без буџетски импликации |
| 10 | Поставување на дигитални модули кај системите за наводнување. | 600 000,00 ден. |
| 11 | Дислокација на контејнерите од пред ЛУГМ. | Без буџетски импликации |
| 12 | Хортикултурно уредување на просторот околу Кадиска чешма. | 100 000,00 ден. |
| 13 | Наместо контејнери да се субвенционират канти за домакинства. | 1 600 000,00 ден. |
| **<u>Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Крива Паланка за 2024 година</u>** | | |
| 14 | Локација за нова станбена зграда за домување | 750 000,00 мкд |
| **<u>Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на спортот за 2024 година</u>** | | |
| 15 | Паркет во спортската сала | донаторски средства |
| 16 | Греење во спортската сала | донаторски средства |
| 17 | Изградба на трибини-стадион | донаторски средства |
| 18 | Реконструкција на игралиштето на Калин Камен | 1 000 000,00 ден |
| 19 | Реконструкција на просторијата за спортисти кај спортски стадион. | донаторски средства |
| 20 | Реконструкција и активирање на градскиот базен | концесионер |
| **<u>Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на образование за 2024 година</u>** | | |
| 21 | Субвенционирање<br>-превоз на ученици и студенти, | 70000,00 ден |
| **<u>Програмата за млади на Општина Крива Паланка за 2024 година</u>** | | |
| 22 | Програма за волонтерство-да се врати во општеството. | 60 000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 23 | Субвенционирање<br><br>-компјутерска опрема | 300 000,00 ден |
| **Програмата за социјална детска и здравствена заштита на Општина Крива Паланка за 2024 година** | | |
| 24 | За социјално тешки ранливи категории на граѓани и семејства програма за вработување или сезонска работа-ангажирање. | 800 000,00 ден |
| **Програма за економски развој во Општина Крива Паланка за 2024 година** | | |
| 25 | Мапирање на велосипедски рути. | 5000,00 ден |
| **Програмата за култура во Општина Крива Паланка за 2024 година** | | |
| 26 | Организирање на театарски претстави за одбележување на денот на детето 20-ти Ноември (од страна на младите со поддршка од општината). | 30000,00 мкд |
| 27 | Поддршка на локалното издаваштво. | 100 000,00 мкд |
| 28 | Набавка на монтажна бина | Буџет на ЛУГМ |
| 29 | Изложба на ракотворби. | 60 000,00 мкд |
| 30 | Објава на програмата на Tripadvisor. | Без буџетски апликации |
| **Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Крива Паланка за 2024 година** | | |
| 31 | Реконструкција на оштетената патна инфраструктура од елементарните непогоди, одливни канали, потпорни стени<br><br>( свлечиште на пристапот до саат и улица Калин Камен ) | ЈПДП |
| 32 | Поставување на соодветен пристап на клучката од 4-те згради во населба Бавчалк кон мостот со 5-те згради од спротивната страна на реката и мостот Бегови бавчи кон пролетер, пешачкиот мост кај гимназијата) | 100 000,00 ден |
| 33 | Асвалтирање на ул. Климент Охридски од Болничка ливада-резервар (проценета должина 100 m). | 1 000 000,00 ден |
| **Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локална, водоводна и канализациона мрежа во Општина Крива Паланка за 2024 година** | | |

| | | |
|---|---|---|
| 34 | Редовно одржување на канализациона мрежа (шахти, отпусни канали-пропусти –кај болница, -кај пролетер и други места во градот- атмосферска вода. | 20 000 000,00 ден |
| 35 | Позачестени анализи на водата за пиење. | Буџет ЈП Комуналец |
| 36 | Проектирање Решавање на проблемот со колекторот/канализацијата кај големиот мост кај Мизовски ливади поради непријатната миризба. | МЖСПП<br>5,500 000,00 ден |
| 37 | Решавање на проблемот од комунална инфраструктура преку поврзување на нов колектор (исклучување од стар колектор) на потег зад градинка (Јоскова бавча). | 1 000 000,00 ден |
| 38 | Ставање во функција на вирови грамаѓе. | 230 000, 00 евра |
| **Програмата за изградба, реконструкција и одржување на мрежата за јавно осветлување во Општина Крива Паланка за 2024 година** | | |
| 39 | Осветлување на улицата Климент Охридски потег кантина-воен резервоар. | 300 000,00 ден |
| 40 | Да се зголеми осветлувањето на главна улица од фурна Малеш кон долниот дел на градот и на потег обложувалница Моцарт кон населба Чука. | 1.700.000,00 ден |

- ✓ Прилог 1 – Листа со предлози за расходи во рамки на буџетските програми од втора форумска сесија
- ✓ Прилог 2 – Листа со предлози за расходи во рамки на буџетските програми од трета форумска сесија